**КОНКУРС**

**За ангажирање на членови на стручен тим за работа со учениците во спортските паралелки за кошарка во ДСУ Спортска Академија за 2023 година**

Кошаркарската Федерација на Северна Македонија распишува дополнителен конкурс за ангажирање на стручни лица за работа во спортските паралелки (кошарка) во Спортската Академија, за наставна програма за учебна година 2023/24, а заклучно до 31.12.2023година.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите критериуми од Законот за Спортска Академија и посебните критериуми од Правилникот за посебните критериуми за тренер на ученици во Спортска Академија и тоа:

- Да има завршено најмалку више образование во областа на спортот или стекнатолиценци добиена од соодветна меѓународна спортска асоцијација,

- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија , дејност или должност,

- Да има тренерска лиценца издадена од КФСМ,

- Да има освоено титули во првенства и натпреварувања признати од Меѓународната кошаркарска федерација,

- Да работел со сениорска или младинска репрезентација на минимум едно натпреварување во рамките на Меѓународната кошаркарска федерација,

- Да има најмалку пет години работно искуство како тренер во Република Северна Македонија или во странство, во кошаркарска лига призната од Меѓународната кошаркарска федерација,

- Да поседува комуникациски, организациски и менаџерски способности, како и способности за пренесување на знаење и вештини

Предност при избор за тренер имаат кандидатите кои познаваат најмалку еден светски јазик, што се утврдува преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори или уверение од меѓународна институција на А2 ниво на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат

Покрај потребните документи, секој од кандидатите треба да достави и програма за работа и план за натпреварување за соодветната селекција за која се пријавува како стручно лице.

Кандидатите се пријавуваат за работа во ДСУ Спортска Академија од:

**- Скопје (1 тренер, 1 физиотерапевт)**

Кандидатите за физиотерапевти треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да има завршено најмалку више образование за физиотерапевти,
- Да има минимум 2 години работен стаж во спортска екипа, или во Национална репрезентација,
- Да не е осудуван,
- Да познава најмалку еден светски јазик.

Изборот на кандидатите ќе го изврши Управниот Одбор на КФСМ, на предлог на назначената 3 (три) члена Стручна Комисија.

Освен директно вклучување во работата во проектот, кандидатите ќе бидат задолжително ангажирани и во следење и селектирање на кошаркари и кошаркарки во соодветните генерации за потребите на младинските национални селекции, а исто така ќе бидат директно вклучени како тренери или членови на стручен штаб во соодветните национални селекции во текот на сите собири, подготовки и натпреварувања на младинските државни репрезентации.

**Заинтересираните кандидати потребната документација, заедно со пријава за конкурс и лично резиме (CV) треба да ја достават во канцеларијата на КФСМ, најдоцна до Среда, 13.09.2023 година до 16:00 часот.**